# П Р Е Д Л О Г - Д О Г О В О Р  З А
# Ф И Н А Н С И С К А  П О Д Д Р Ш К А

склучен во Скопје на ___.___.2024 година помеѓу

**ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ**

Влада на Република Северна Македонија,преку Министерство за транспорт, како давател на финансика поддршка, со седиште на ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија (во понатамошниот текст како „Давател“)

и

----------------------------------------------------------------
(во понатамошниот текст како **„**Корисник“**)**.

**ПРЕДМЕТ**
**Член 1**

Предмет на овој договор е доделување на финансиска поддршка на Корисникот.
Составен дел на овој договор е барањето за доделување на финансиска поддршка од Корисникот.

**ЦЕЛ**
**Член 2**

Цел на овој договор е развој на цивилното воздухопловство во Република Северна Македонија преку формирање на поконкурентни и подостапни цени во воздушниот сообраќај.

**РОК**
**Член 3**

Финансиската поддршка се доделува во  временска рамка  од три години сметано од 1 јануари 2025 година и заклучно со 31 декември 2027 година, а за периодот наведен во член 4 од овој Договор.

**ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ**
**Член 4**

Корисникот на финансиската поддршка треба најдоцна до: **се пишува датумот како што е наведено во оперативниот план** да започне со оперирање на: **се пишуваат дестинациите како што е наведено во оперативниот план** од „Меѓународен аеродром Скопје“ / аеродромот „Св.Апостол Павле“ – Охрид и истите да ги опслужува за период **се наведува периодот за бараната финансиска поддршка од оперативниот план** и тоа да биде постојано опслужувана најмалку: **се пишува бројот на неделни летови како што е наведено во оперативниот план** во која било од ИАТА сезоните по однапред определен ред на летање од нејзиното воведување до завршување на периодот за кој се доделува финансиската поддршка.

**ОДОБРЕНИЕ ЗА ЛЕТАЊЕ**
**Член 5**

Корисникот на финансискта поддршка треба да обезбеди одобренија за летање за новите дестинации од член 4 на овој договор.

**ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ**
**Член 6**

Давателот треба да ги изврши следните обврски:
1. За дестинациите воведени за периодот за кој се доделува финансиската поддршка од „Меѓународен аеродром Скопје" да исплати финансиска поддршка во износ од 9 (девет) евра во денарска противвредност по патник во доаѓање за периодот наведен во член 4 на овој Договор.
2. За дестинациите воведени за периодот за кој се доделува финансиската поддршка од аеродромот „Св. Апостол Павле" – Охрид да исплати финансиска поддршка во износ од 12 (дванаесет) евра во денарска противвредност по патник во доаѓање за периодот наведен во член 4 на овој Договор.

**ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА**
**Член 7**

Финансиската поддршка која ја доделува Давателот нема да ја надмине висината на средствата утврдени во оперативниот план на Корисникот на финансиската поддршка која изнесува:

- Максимален износ од ---------------- евра за 2025 година, и/или
- Максимален износ од -----------------евра за 2026 година, и/или
- Макимален износ од -------------------евра за 2027 година.

**ДИНАМИКА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**
**Член 8**

Финансиската поддршка од член 6, точки 1 и/или 2 од овој Договор се исплаќаат на месечна основа, во рок од 30 (триесет) дена од доставеното барање до Министерството за транспорт од корисникот на финансиската поддршка.

Барањето за исплата од став 1 на овој член треба да содржи детални податоци за патниците во доаѓање за конкретната дестинација, кои може да бидат предмет на проверка од страна на Давателот.

**ЗАБРАНА НА КОНФЛИКТНИ АКТИВНОСТИ**
**Член 9**

Корисникот нема да биде вклучен, било директно или индиректно во било какви деловни или професионални активности кои можат да бидат во конфликт со правата и обврските утврдени во овој договор.

**ДОВЕРЛИВОСТ**
**Член 10**

Освен со претходно дадено писмено известување од страна на Давателот, Корисникот нема било кога да контактира со било кое физичко или правно лице за класифицирани информации добиени при реализацијата на овој Договор.

Освен со претходно дадено писмено известување од страна на Давателот, Корисникот нема јавно да ги објавува извештаите, препораките и/или било кој друг вид на писмена во врска или како резултат на реализацијата на овој Договор.

## ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА
**Член 11**

Корисникот на финансиска поддршка кој има склучен договор со Давателот на финансиска поддршка може да побара зголемување на периодот на оперирање на воведената дестинација.

Кон барањето од ставот 1 на овој член, Корисникот на финансиската поддршка поднесува оперативен план кој особено содржи: периодот за кој се бара зголемување на оперирањето на новата дестинација, број на неделни летови, број на планирани превезени патници во доаѓање и заминување, број на понудени седишта и износ на барана финансиска поддршка кој е реален и со реални бројки прикажани по години.

Периодот за кој ќе се изврши измена на договорот може да биде само во рамки на период од 1 Јануари 2025 година, а заклучно со 31 Декември 2027 година.

## МЕРОДАВНО ПРАВО
**Член 12**

На овој договор соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и останатите позитивно-правни прописи важечки во Република Северна Македонија, доколку со одредбите на овој Договор не е уредено поинаку.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ
**Член 13**

Договорните страни ќе ги вложат сите напори да ги решат спогодбено сите спорови кои произлегуваат од или се во врска со овој Договор или неговото толкување.

Сите спорови кои произлегуваат од овој Договор и во врска со него, а кои не можат да се решат спогодбено вклучувајќи ги и споровите кои се однесуваат на прашања во врска со неговото полноважно настанување, повреда или престанок, како и правните дејства кои од тоа произлегуваат, конечно ќе бидат решени преку арбитража во согласност со Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Северна Македонија.

Во случај на покренување на арбитражна постапка, ќе се применат следните принципи:

- Бројот на арбитри ќе биде три.
- Постапката ќе се води на македонски јазик.
- Местото на арбитражата ќе биде во Скопје, Република Северна Македонија.

## ЕДНОСТРАНО РАСКИНУВАЊЕ
**Член 14**

Давателот може еднострано да го раскине овој Договор, во случај кога Корисникот:

- не ги исполнил условите од член 4 од овој Договор и
- не обезбедил одобрение за летање согласно член 5 од овој Договор.

## НАДЗОР
**Член 15**

Давателот, преку Министерството за транспорт врши постојан и редовен надзор за исполнување на правата и обврските од овој Договор.

## ЈАЗИК
**Член 16**

Овој договор е склучен на македонски јазик и на англиски јазик.

Во случај на било какво спротивставено толкување меѓу Договорните страни, ќе преовладува верзијата на Договорот на македонски јазик.

**БРОЈ НА ПРИМЕРОЦИ**
**Член 17**

Овој договор е склучен во 4 (четири) оригинални примероци, од кои по два на секој од јазиците за секоја од Договорните страни.

**ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА**
**Член 18**

Овој договор влегува во сила на денот кој следи по денот на склучувањето, а ќе се применува за периодот наведен во член 3 од овој Договор.

| ДАВАТЕЛ на финансиска поддршка | КОРИСНИК на финансиска поддршка |
| --- | --- |
| ____________________________ | ______________________________ |